# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ТЕОРИЈА НА ВОСПИТУВАЊЕ, ПЕДАГОГИЈА И СОЦИЈАЛНА ПЕДАГОГИЈА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Во врска со распишаниот конкурс, објавен во весникот „Нова Македонија“ на 5.III 2019 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за научните области: теорија на воспитување (шифра 50505), педагогија (шифра 50500) и социјална педагогија (шифра 50518), Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XIX редовна седница одржана на 3.IV 2019 година, определи Комисија во состав: проф. д-р Анета Баракоска, проф. д-р Вера Стојановска и проф. д-р Сузана Миовска-Спасева.

По направената анализа на доставените материјали, Рецензентската комисија има чест до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се пријави само д-р Борче Костов, вонреден професор на Филозофскиот факултет во Скопје. Кон пријавата, тој ги поднесе потребните документи согласно со Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник, број 411 од 5 ноември 2018 година).

### 1. Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Борче Костов е роден на 20.10.1973 година во Скопје. Основното и средното образование ги завршил во Скопје.

Во учебната 1995/96 година дипломирал на Филозофскиот факултет во Скопје, на Институтот за педагогија, со просечен успех 9,92 и добила диплома од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за најдобар студент на Филозофскиот факултет дипломиран во таа учебна година.

Од 1.10.1997 година работи на Педагошкиот факултет во Штип како помлад асистент по предметите предучилишна педагогија и семејна педагогија. Истата година се запишал на постдипломските студии на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет.

На 27.11.2002 година при Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје, откако ги положил испитите со просечна оценка 10, го одбранил својот магистерски труд на тема: „Соработката на наставниците со родителите на децата со посебни потреби“ и се стекнал со звањето магистер на педагошки науки.

Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ од Штип го избира во звањето асистент по предметите: Предучилишна педагогија и Семејна педагогија на 10.7.2003.

На 22.4.2008 година при Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје го одбранил својот докторски труд на тема: „Теориските проблеми во конципирањето и реализацијата на современото естетско воспитание“ и се стекнал со звањето доктор на педагошки науки.

Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип го избра во звањето доцент на 13.8.2008 година.

Посебно е значаен неговиот ангажман во периодот од 2008 до 2012 година на Факултетот за образовни науки на новоформираниот Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Имено, освен што бил вклучен во изведувањето на наставата на голем број предмети од првиот циклус студии на Факултетот за образовни науки и на

Филолошкиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, д-р Борче Костов изведувал настава и на втор циклус студии. На овој степен на студии бил носител на осум предмети од три студиски програми, и тоа: Социјална педагогија, Предучилишно воспитание и образование и студиската програма за наставнички компетенции на Факултетот за образовни науки.

Во 2009 година бил избран за раководител на Катедрата за педагогија и психологија на Факултетот за образовни науки во Штип, а во периодот 2009-2012 година е и главен координатор во изработката на студиските програми по социјална педагогија за прв, втор и трет циклус студии на истиот Факултет.

На 16.11.2012 година, д-р Борче Костов се пријавува на конкурсот на Филозофскиот факултет за избор на наставник и повторно е избран во звањето доцент, но сега на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј “ во Скопје, на Институтот за педагогија, во научните области: теорија на воспитување, педагогија и социјална педагогија.

На 19.09.2014 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет го избра во звањето вонреден професор во научните области: теорија на воспитување, педагогија и социјална педагогија.

## 2. Оцена на научните, стручните, педагошките и другите остварувања на кандидатот

### 2.1. Наставно-образовна дејност

Во изминатиот период, од изборот во звањето вонреден професор, д-р Борче Костов успешно и посветено ја изведува наставата на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје, по предметите: Теорија на воспитанието, Домска педагогија и Воспитание на деца со пречки во поведението. Од учебната 2017/18 го предава и предметот: Современи педагошки теории на студиската програма по Андрагогија, на Институтот за педагогија.

Исто така, д-р Борче Костов е вклучен и во наставата на втор и трет циклус студии на Институтот за педагогија и носител е на неколку студиски предмети. На вториот циклус студии по педагогија и менаџмент во образование го води предметот Теорија на воспитание, а на третиот циклус студии по педагошки науки, носител е на предметот Педагошка превенција на нарушено однесување на децата и младите.

Покрај тоа што реализира настава на Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет (на прв, втор и трет циклус студии), д-р Борче Костов реализира настава (на прв циклус) и на Филолошкиот факултет во Скопје по предметот Педагогија (општ курс), најпрво на групите, турски, руски, полски и српски јазик и книжевност, а од учебната 2018/19 и на групите, англиски и француски јазик и книжевност.

Од учебната 2015/16 истиот предмет (Педагогија – општ курс), д-р Борче Костов почнува да го предава (на прв циклус студии) и на Природно-математичкиот факултет во Скопје, и тоа на сите наставни групи (14) на овој факултет.

За реализација на наставата по сите наведени предмети, д-р Борче Костов има креирано соодветни материјали и интерни скрипти за предавања и вежби. Воедно, автор е и на позитивно рецензирана монографија: „Теорија на воспитание“, која е наменета за истоимениот предмет.

Д-р Борче Костов наставната работа ја врши со ентузијазам и ангажираност почитувајќи ги современите барања на наставната работа според ЕКТС и новите идеи што значително влијае врз осовременувањето на планирањето, организацијата и реализацијата на предавањата и вежбите по предметите за кои е избран. Сите активности поврзани со наставната дејност ги завршува со задоволство, точно и компетентно.

Во поглед на наставната дејност, кандидатот добива високи позитивни оценки од евалуацијата спроведена на Филозофскиот факултет во периодот од 2014 до 2019 година.

Од изборот за вонреден професор, до објавувањето на конкурсот, д-р Борче Костов е член на комисија за оцена или одбрана на шест докторски труда, на шест магистерски труда и ментор е на девет, а бил и член на комисија за оцена или одбрана на 66 дипломски работи.

Постигнатите поени според Образецот 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно звање од наставно-образовната дејност од **101,58** поени точно покажуваат колкав е ангажманот на д-р Борче Костов во **наставно-образовната дејност.** Имено, д-р Борче Костов дури за петпати ги надминува по оваа основа предвидените критериуми (минимум 20 поени) согласно со Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник, број 411 од 5 ноември 2018 година).

## 2.2. Научноистражувачка дејност

Во делот на научноистражувачката работа во изминатиов период, д-р Борче Костов го разви својот научен потенцијал и го продлабочи својот истражувачки интерес во дисциплините за кои беше избран во звањето вонреден професор. Во Извештајот одвојуваме неколку оригинални научни труда, кои ни се чинат позначајни, кои д-р Борче Костов ги објавил во повеќе научни списанија во кои трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кои се индексирани во неколку електронски бази на списанија, односно во: EBSCO HOST, SCOPUS, и SJR - Scimago Journal-Q4, како и трудови со оригинални научни резултати, објавени во научни списанија во кои трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кои имаат меѓународен уредувачки одбор:

- Antovska, A., **Kostov, B.**, *Teachers, Students and Extracurricular Activities in Primary Education,* Internatonal Journal of Cognitve Research in Scence, Engneerng and Education,(IJCRSEE) Vol.4, Issue1, June 2016.
- **Kostov, B.**, Antovska, A., *Time Load Upon Students in Primary Education,* Internatonal Journal of Cognitve Research in Scence, Engneerng and Education,(IJCRSEE) Vol.4, Issue2, December 2016.
- **Kostov, B.**, *Aesthetic Education in the Modern Global Society,* International Journal For Education, Research And Training (IJERT) Vol.2, Issue 1, November 2016 .
- Antovska, A., **Kostov, B.**, *The Teacher as a Students' Overload Factor,* International Journal For Education, Research And Training (IJERT) Vol.3, Issue 1, June 2017.
- Barakoska, A., **Kostov, B.**, *The Discipline Ethics and Religion Possibility of Understanding One Another,* YILDIZ International Conference on Educational Research and Social Sciences Proceedings Book, 2014.
- Stojanovska, V., Barakoska, A., **Kostov, B.**, *The Professional Needs of the School Pedagogues for Improving the Quality of Work With the Students in the Primary Education,* IX Međunarodna naučno-stručna konferencija Unapređenje kvalitete života djece i mladih, 2018.
- **Kostov, B.**, Barakoska, A., Stojanovska, V., *Activities and Forms of Cooperation between the teachers and the parents of the children with special needs from the special schools,* Transformation Towards Sustainable and Resilient Society for Persons With Disabilities, 2018.
- **Борче Костов**, *Теорија на воспитание*, Филозофски факултет - Скопје, 2019.

Од анализата на приложените трудови утврдивме дека тие се од неколку научни области, и тоа: теорија на воспитанието и педагогијата, но и трудови кои се допираат до социјалните аспекти на воспитанието и воспитанието на децата со посебни потреби. Кога станува збор за децата со посебни потреби, д-р Борче Костов овие деца ги класифицира како деца со проблеми во психо-физичкиот развиток и талентирани деца, при што наведува дека и едните и другите имаат потреби кои се посебни и оттука се бара специфичен приод и третман во нивното воспитание и образование.

Трудовите на кандидатот д-р Борче Костов ја покажуваат неговата посветеност и способност за продлабочен научен пристап за проучување на педагошките феномени, состојби и предизвици. Презентираните научни сознанија во трудовите укажуваат дека солидно ја владее научноистражувачката проблематика од областите за кои е биран.

Кандидатот д-р Борче е автор на монографија/научно издание со наслов *Теорија на восиитание,* во издание на Филозофски факултет - Скопје/2019 ISBN 978-608-238-157-2. Во оваа научна монографија авторот д-р Борче Костов третира значајно подрачје од општо-педагошки карактер, кое се осврнува на воспитанието како сложен и комплексен феномен разработен од аспект на теориите на естетското, физичкото, интелектуалното, моралното и работното воспитание.

Во монографијата се сублимирани теориски концепти и сознанија кои се од фундаментално значење за современата педагошка наука. Оваа монографија, според својата структура и намена, е од големо значење за студентите на Институтот за педагогија, но и за пошироката популација студенти кои се подготвуваат за наставници и воспитувачи. Со неа се пополни една голема празнина која со години наназад се чувствува на подрачјето на теоријата на воспитание.

Од научноистражувачката дејност на д-р Борче Костов го издвојуваме неговото учество во проектот „Вмрежување на педагозите од Република Македонија и истражување на образовните потреби за зајакнување на нивните стручно-професионални компетенции“, кое го спроведе Институтот за педагогија во периодот од 2015 до 2016 година. Д-р Костов во текот на проектот имаше особено активна улога како истражувач на терен (го спроведуваше истражувањето во голем број училишта - скоро на целата територија на нашата земја), но исто така даде свој голем придонес во анализата и интерпретацијата на добиените резултати од истражувањето.

Во периодот од 2014 до 2109 година, кандидатот д-р Борче Костов бил ментор и на еден докторски труд.

Врз основа на Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Образец 2 (Универзитетски гласник, број 411 од 5 ноември 2018 година), може да се констатира дека д-р Борче Костов од областа на **научноистражувачката дејност** остварил вкупно **51** поен и со тоа за два и пол пати го надминал лимитот од 20 поени кои се неопходни за избор во звањето редовен професор.

## 2.3. Стручно-применувачка дејност и дејности од поширок интерес

Во периодот од 2014 до 2019 година, д-р Борче Костов во стручно-применувачката дејност и дејностите од поширок интерес, своето внимание го фокусирал на следниве активности:

- учество во промотивни активности на Факултетот/институтот;
- рецензент во меѓународно научно списание;
- член на организациони одбори на меѓународни научни собири;
- член на повеќе факултетски комисии;
- член на уредувачки одбор на меѓународно научно списание;
- член на комисии за избор во звање;
- учество во комисии и тела на државни и други органи.

Во контексот на оваа дејност особено го истакнуваме неговиот ангажман како главен и одговорен уредник на меѓународното научно списание на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје: International Journal for Education, Research and Training (IJERT).

Д-р Борче Костов со посебен ентузијазам се зафати со задачите и обврските кои ги наметнува улогата на главен и одговорен уредник на едно меѓународно научно списание. Од неговото назначување за главен уредник во 2015 година, па сè до денес,

списанието бележи постојан прогрес и редовно се публикува. Во ова меѓународно списание кое во фокусот ги има образованието, истражувањето и обуката, свои трудови објавуваат голем број наши и странски реномирани научници, истражувачи и практичари од областа на педагогијата, но и од други општествени науки.

Забележителни се и неговите активности на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје по однос на неговото активно и посветено вклучување во организациониот одбор на меѓународната научна конференција: *Pedagogy in a modern global society – EDUGLOBE.* Jubilee – 70 YEARS Institute of pedagogy, како и во организацијата и реализацијата на одбележувањето на традиционалната манифестација „Денови на педагогија“, како и учеството во различни комисии во работата на Филозофскиот факултет.

Треба да се напомене дека д-р Борче Костов активно учествувал и во советот на експерти за формирање на Центарот за интегративна биоетика на Филозофскиот факултет во Скопје, а веднаш по неговото формирање избран е и за секретар на овој Центар.

Врз основа на Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Образец 2 (Универзитетски гласник, број 411 од 5 ноември 2018 година), може да се констатира дека д-р Борче Костов од областа на **стручно-применувачката дејност** остварил вкупно **8,70** поени и со тоа го надминал лимитот од 5 поени кои се неопходни за избор во звањето редовен професор.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Членовите на Рецензентската комисија, по разгледувањето на целокупно доставената документација од кандидатот, констатираа дека д-р Борче Костов ги исполнува општите и посебните услови од конкурсот. Врз основа на целосно презентираниот научен, наставен и стручен ангажман на д-р Борче Костов може да се согледа дека станува збор за солидно изграден универзитетски наставник и афирмиран научен истражувач, со препознатлива физиономија и темелност во областите во кои повеќе години работи. Неговиот избор во академското звање редовен професор ќе придонесе за зајакнување на научниот капацитет и натамошен развој на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје. Рецензентската комисија високо ја оценува неговата наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-применувачка дејност.

Во согласност со Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, (Универзитетски гласник, број 411 од 5 ноември 2018 година), Комисијата утврди дека д-р Борче Костов остварил вкупно **161,28** поени, со што двојно го надминува лимитот од 80 поени кои се неопходни за избор во звањето редовен професор.

Од тие причини, ни претставува посебна чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го избере д-р Борче Костов во звањето **редовен професор** во научните области: **теорија на воспитување**, **педагогија** и **социјална педагогија**.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Анета Баракоска, с.р.
Проф. д-р Вера Стојановска, с.р.
Проф. д-р Сузана Миовска-Спасева с.р.

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** ***Борче Кирило Костов***
(име, татково име и презиме)
**Институција:** ***Филозофски факултет - Скопје, Институт за педагогија***
(назив на факултетот/институтот)
**Научни области:** ***Педагогија, Теорија на воспитување, Социјална педагогија***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>**Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9.92**<br>**Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10.00**<br>**Просечниот успех изнесува 9.96 за интегрираните студии.** | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира: **Доктор по педагошки науки**.<br>Назив на научните области: **Педагогија, Теорија на воспитување, Социјална педагогија.**<br>Поле: **Образование.**<br>Подрачје: **Општествени науки.** | ДА |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор. | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование.<br><br>**1.**<br>1. Назив на научното списание: **International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education.**<br>2. Назив на електронската база на списанија: **EBSCO HOST, SCOPUS, SJR - Scimago Journal-Q4.**<br>3. Наслов на трудот: **Teachers, Students and Extracurricular Activities in Primary Education.**<br>4. Година на објава: **June 2016.**<br><br>**2.** | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Назив на научното списание: **International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education.**<br>2. Назив на електронската база на списанија: **EBSCO HOST, SCOPUS, SJR - Scimago Journal-Q4.**<br>3. Наслов на трудот: **Time Load Upon Students in Primary Education.**<br>4. Година на објава: **December 2016.** | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови.<br>**3.**<br>1. Назив на научното списание: **International Journal For Education, Research And Training.**<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји):<br>**Вкупен број членови: 40; 14 од Македонија, 5 од Србија, 1 од Црна Гора, 3 од Италија, 3 од Русија, 2 од Германија, 4 од Хрватска, 1 од САД, 2 од Словенија, 1 од БиХ, 1 од Турција, 1 од Албанија, 1 од Романија, 1 од Бугарија.**<br>3. Наслов на трудот: **Aesthetic Education in the Modern Global Society.**<br>4. Година на објава: **2016.**<br><br>**4).**<br>1. Назив на научното списание: **International Journal For Education, Research And Training.**<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): **Вкупен број членови: 40;**<br>**14 од Македонија, 5 од Србија, 1 од Црна Гора, 3 од Италија, 3 од Русија, 2 од Германија, 4 од Хрватска, 1 од САД, 2 од Словенија, 1 од БиХ, 1 од Турција, 1 од Албанија, 1 од Романија, 1 од Бугарија.**<br>3. Наслов на трудот: **The Teacher as a Students' Overload Factor.**<br>4. Година на објава: **2017.** | ДА |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Назив на научното списание: ___________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД__________<br>3. Наслов на трудот: _______________<br>4. Година на објава: _______________ | |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: ___________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД__________ | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3. Издавач, година и место на издавање/објавување: ________________ | |
| 3.5 | **Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји.**<br>**5.**<br>1. Назив на зборникот: **YILDIZ International Conference on Educational Research and Social Sciences Proceedings Book.**<br>2. Назив на меѓународниот собир: **YILDIZ International Conference on Educational Research and Social Sciences**<br>3. Имиња на земјите: **Турција, САД, Грција, Македонија, Романија, Тајван, Латвија, Велика Британија, Филипини, Саудиска Арабија, Бугарија, Албанија.**<br>4. Наслов на трудот: **The Discipline Ethics and Religion Possibility of Understanding One Another.**<br>5. Година на објава: **2014.**<br>**6.**<br>1. Назив на зборникот: **Transformation Towards Sustainable and Resilient Society for Persons With Disabilities.**<br>2. Назив на меѓународниот собир: **International Conference Transformation Towards Sustainable and Resilient Society for Persons With Disabilities.**<br>3. Имиња на земјите: **Македонија, Италија, Израел, Србија, Бугарија, Хрватска, Босна и Херцеговина,.**<br>4. Наслов на трудот: **Activities and Forms of Cooperation between the teachers and the parents of the children with special needs from the special schools.**<br>5. Година на објава: **2018.** | ДА |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>1. Наслов на преведеното капитално дело: ________<br>2. Датум на објава ______________<br>3. Издавач, место на издавање и година | |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: **Теорија на Воспитание. (Монографија)**<br>2. Место и година на објава: **Скопје, 2019.** | ДА |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен:<br>**Број на билтен: 1081/223 од 15.07.2014 година.** | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | **Избран на ННС на Филозофски факултет на: 19.09.2014 год.;** **Работен однос во звањето вонреден професор заснован на 22.09.2014 година.** | |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | **ДА** |

## ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Борче Кирило Костов**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Филозофски факултет - Скопје, Институт за педагогија**
(назив на факултетот/институтот)
**Научни области:** **Педагогија, Теорија на воспитување, Социјална педагогија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Настава на прв циклус студии** | |
| 1. | Домска педагогија (3+0 ) зимски семестар 2014/2015<br>Бр. на часа неделно 3* 15 недели во семестар * 0,04 | 1,8 |
| 2. | Теорија на воспитанието (4+0 ) летен семестар 2014/2015<br>Бр. на часа неделно 4* 15 недели во семестар * 0,04 | 2,4 |
| 3. | Педагогија (општ курс- Филолошки факултет - турски, руски и полски јазик и книжевност) (2+0) летен семестар 2014/2015<br>Бр. на часа неделно 2 * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,2 |
| 4. | Педагогија (ПМФ- сите групи) 2+0 летен семестар 2014/2015<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,2 |
| 5. | Домска педагогија (3+0) зимски семестар 2015/2016<br>Бр. 3 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,8 |
| 6. | Теорија на воспитанието (4+0 ) летен семестар 2015/2016<br>Бр. на часа неделно 4* 15 недели во семестар * 0,04 | 2,4 |
| 7. | Педагогија (општ курс- Филолошки факултет - турски, руски и полски јазик и книжевност) (2+0) летен семестар 2015/2016<br>Бр. на часа неделно 2 * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,2 |
| 8. | Педагогија (ПМФ- сите групи) 2+0 летен семестар 2015/2016<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,2 |
| 9. | Домска педагогија (2+0) зимски семестар 2016/2017<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,2 |
| 10. | Теорија на воспитанието (4+0 ) летен семестар 2016/2017<br>Бр. на часа неделно 4* 15 недели во семестар * 0,04 | 2,4 |
| 11. | Педагогија (општ курс- Филолошки факултет - турски, руски и полски јазик и книжевност) (2+0) летен семестар 2016/2017<br>Бр. на часа неделно 2 * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,2 |
| 12. | Педагогија (ПМФ- сите групи) 2+0 летен семестар 2016/2017<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,2 |
| 13. | Домска педагогија (2+0) зимски семестар 2017/2018<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,2 |
| 14. | Теорија на воспитанието (4+0 ) летен семестар 2017/2018<br>Бр. на часа неделно 4* 15 недели во семестар * 0,04 | 2,4 |
| 15. | Современи педагошки теории (2+0) летен семестар 2017/2018<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,2 |
| 16. | Педагогија (општ курс- Филолошки факултет - турски, руски и полски јазик и книжевност) (2+0) летен семестар 2017/2018<br>Бр. на часа неделно 2 * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,2 |
| 17. | Педагогија (ПМФ- сите групи) 2+0 летен семестар 2017/2018<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,2 |
| 18. | Домска педагогија (2+0) зимски семестар 2018/2019<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,2 |

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 19. | Теорија на воспитанието (4+0 ) летен семестар 2018/2019<br>Бр. на часа неделно 4* 15 недели во семестар * 0,04 | 2,4 |
| 20. | Современи педагошки теории (2+0) летен семестар 2018/2019 Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,2 |
| 21. | Педагогија (општ курс- Филолошки факултет- Турски, Руски и Полски јазик и книжевност) (2+0) летен семестар 2018/2019<br>Бр. на часа неделно 2 * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,2 |
| 22. | Педагогија (ПМФ- сите групи) 2+0 летен семестар 2018/2019<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,2 |
| 23. | Студиска програма за стручно професионално усовршување за стекнување на наставнички компетенции/ ППМ - Доквалификација Методика на воспитна работа (2+1+1) летен/зимски семестар 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019<br>Бр. 1,33 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 = 0,798 * 2= 1,596*5=7,98 | 7,98 |
| 24. | Студиска програма за стручно професионално усовршување за стекнување на наставнички компетенции/ ППМ - Доквалификација Етика во образованието (2+1+1) летен/зимски семестар 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар 30 * 0,04 = 1,2* 2=2,4*5=12 | 12 |
| | **Одржување на вежби-аудиториски** | |
| 25. | Домска педагогија (0+2) зимски семестар 2014/2015<br>Бр. 2 часа неделно 2 * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| 26. | Методика на работа на училишниот педагог (0+2) зимски семестар 2014/2015<br>Бр. 2 часа неделно 2 * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| 27. | Општа педагогија (од листата слободни изборни предмети на Филозофски факултет и УКИМ) (Дефектологија) (0+1) зимски семестар 2014/2015<br>Бр. 1 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,45 |
| 28. | Методика на воспитна работа (0+2) зимски семестар 2014/2015<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| 29. | Теорија на воспитанието (0+2) летен семестар 2014/2015<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| 30. | Педагогија (ПМФ- сите групи) (0+2) летен семестар 2014/2015<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| 31. | Домска педагогија (0+2) зимски семестар 2015/2016<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| 32. | Општа педагогија (од листата слободни изборни предмети на Филозофски факултет и УКИМ) (Дефектологија) (0+1) зимски семестар 2015/2016<br>Бр. 1 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,45 |
| 33. | Општа педагогија (студенти кои го презапишале предметот) (0+2) зимски семестар 2015/2016<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| 34. | Теорија на воспитанието (0+2) летен семестар 2015/2016<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| 35. | Педагогија (ПМФ- сите групи) (0+2) летен семестар 2015/2016 Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| 36. | Општа педагогија (0+2) зимски семестар 2016/2017<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,9 | 0,9 |

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 37. | Општа педагогија (Дефектологија, Социјална работа и Социјална политика) (0+1) зимски семестар 2016/2017<br>Бр. 1 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,45 |
| 38. | Општа педагогија (Семејни студии, Безбедност одбрана и мир, Социологија) (0+1) зимски семестар 2016/2017<br>Бр. 1 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,45 |
| 39. | Домска педагогија (0+2) зимски семестар 2016/2017<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| 40. | Теорија на воспитанието (0+2) летен семестар 2016/2017<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| 41. | Педагогија (ПМФ- сите групи) (0+2) летен семестар 2016/2017 Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| 42. | Домска педагогија (0+2) зимски семестар 2017/2018<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| 43. | Теорија на воспитанието (0+2) летен семестар 2017/2018<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| 44. | Современи педагошки теории (0+1) летен семестар 2017/2018<br>Бр. 1 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,45 |
| 45. | Педагогија (ПМФ- сите групи) (0+2) летен семестар 2017/2018 Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| 46. | Домска педагогија (0+2) зимски семестар 2018/2019<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| | **Настава на втор циклус студии** | |
| 47. | Теорија на воспитание (Менаџмент во образованието) (5 часа), летен семестар, 2014/2015<br>Бр. часа 5 * 0,05 | 0,25 |
| 48. | Воспитанието и општествените промени (Педагошки науки) (5 часа), летен семестар, 2014/2015<br>Бр. часа 5 * 0,05 | 0,25 |
| 49. | Теорија на воспитание (Педагошки науки) (5 часа), зимски семестар, 2014/2015<br>Бр. часа 5 * 0,05 | 0,25 |
| 50. | Теорија на воспитание (Менаџмент во образованието) (5 часа), летен семестар, 2015/2016<br>Бр. часа 5 * 0,05 | 0,25 |
| 51. | Директорот како педагошки раководител (Менаџмент во образованието) (3 часа) (летен семестар) 2015/2016<br>Бр. часа 3 * 0,05 | 0,15 |
| 52. | Воспитанието и општествените промени (Педагошки науки) (5 часа), летен семестар, 2015/2016<br>Бр. часа 5 * 0,05 | 0,25 |
| 53. | Теорија на воспитание (Педагошки науки) (5 часа), зимски семестар, 2015/2016<br>Бр. часа 5 * 0,05 | 0,25 |
| 54. | Директорот како педагошки раководител (Педагошки науки) (3 часа) (летен семестар) 2015/2016<br>Бр. часа 3 * 0,05 | 0,15 |
| 55. | Директорот како педагошки раководител (Менаџмент во образованието) (3 часа) (летен семестар) 2016/2017<br>Бр. часа 3 * 0,05 | 0,15 |
| 56. | Воспитанието и општествените промени (Педагошки науки) (5 часа), летен семестар, 2016/2017 | 0,25 |

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Бр. часа 5 * 0,05 | |
| 57. | Теорија на воспитание (Педагошки науки) (5 часа), зимски семестар, 2016/2017<br>Бр. часа 5 * 0,05 | 0,25 |
| 58. | Директорот како педагошки раководител (Педагошки науки) (3 часа) (летен семестар) 2016/2017<br>Бр. часа 3 * 0,05 | 0,15 |
| 59. | Теорија на воспитание (Менаџмент во образованието) (5 часа), летен семестар, 2016/2017<br>Бр. часа 5 * 0,05 | 0,25 |
| 60. | Директорот како педагошки раководител (Менаџмент во образованието) (3 часа) (летен семестар) 2017/2018<br>Бр. часа 3 * 0,05 | 0,15 |
| 61. | Воспитанието и општествените промени (Педагошки науки) (5 часа), летен семестар, 2017/2018<br>Бр. часа 5 * 0,05 | 0,25 |
| 62. | Теорија на воспитание (Педагошки науки) (5 часа), зимски семестар, 2017/2018<br>Бр. часа 5 * 0,05 | 0,25 |
| 63. | Директорот како педагошки раководител (Педагошки науки) (3 часа) (летен семестар) 2017/2018<br>Бр. часа 3 * 0,05 | 0,15 |
| 64. | Теорија на воспитание (Менаџмент во образованието) (5 часа), летен семестар, 2017/2018<br>Бр. часа 5 * 0,05 | 0,25 |
| 65. | Теорија на воспитание (Педагошки науки) (5 часа), зимски семестар, 2018/2019<br>Бр. часа 5 * 0,05 | 0,25 |
| 66. | Консултации со студенти од Институтот за педагогија за академските:(2014/2015 78-студенти летен и зимски семестар); (2015/2016, 63-студент летен и зимски семестар); (2016/2017, 78-студенти летен и зимски семестар); (2017/2018, 53-студенти летен и зимски семестар).<br>Бр.78 студенти (2 семестра) * 0.002 = 0,312<br>Бр.63 студенти (2 семестра) * 0.002 = 0,252<br>Бр.78 студенти (2 семестра) * 0.002 = 0,312<br>Бр.53 студенти (2 семестра) * 0.002 = 0,212 | 1,09 |
| 67 | Консултации со студенти од Филолошки факултет - турски, руски и полски јазик и книжевност (за академските:(2014/2015 23-студенти летен и зимски семестар); (2015/2016, 16-студенти летен и зимски семестар); (2016/2017, 20-студенти летен и зимски семестар); (2017/2018, 11-студенти летен и зимски семестар).<br>Бр.23 студенти во семестар * 0.002 = 0,046<br>Бр.16 студенти во семестар * 0.002 = 0,032<br>Бр.20 студенти во семестар * 0.002 = 0,04<br>Бр.11 студенти во семестар * 0.002 = 0,022 | 0,14 |
| 68. | Консултации со студенти од Природно-математички факултет (сите групи) за академските: (2014/2015, 25 студенти летен семестар); (2015/2016, 40-студенти летен семестар); (2016/2017, 42-студенти летен семестар); (2017/2018, 55- студенти летен семестар). | 0,37 |

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Бр. 40 студенти во семестар * 0.002 = 0,08<br>Бр. 42 студенти во семестар * 0.002 = 0,084<br>Бр. 50 студенти во семестар * 0.002 = 0,10<br>Бр. 55 студенти во семестар * 0.002 = 0,11 | |
| 69. | **Подготовка на нов предмет:**<br>Етика во образование (2+1) – (Студиска програма по педагогија 2018/2019)<br>предавања (1 поен) и вежби (0,5 поени) | 1,5 |
| 70. | **Подготовка на нов предмет:**<br>Современи педагошки теории (2+1) – (Студиска програма по Андрагогија 2017-2018)<br>предавања (1 поен) и вежби (0,5 поени) | 1,5 |
| 71. | **Ментор на дипломска** 9 * 0,2 | 1,8 |
| 72. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат:<br>6 кандидати (Бр. на одлуки во прилог на пријавата во печатена верзија) 6* 0,7 | 4.2 |
| 73. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура:<br>6 кандидати (Бр. на Одлуки во прилог на пријавата во печатена верзија)<br>7 * 0.3 | 2,1 |
| 74. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа<br>66 *0.1 | 6,6 |
| | **Пакет материјали за одреден предмет** | |
| 75. | Пакет материјали за предметот Теорија на воспитанието-додипломски студии, Институт за педагогија | 1 |
| 76. | Пакет материјали за предметот Домска педагогија-додипломски студии, Институт за педагогија | 1 |
| 77. | Пакет материјали за предметот Воспитна работа со деца со пречки во поведението -додипломски студии Институт за педагогија | 1 |
| 78. | Пакет материјали за предметот Етика во образованието - додипломски студии, Институт за педагогија | 1 |
| 79. | Пакет материјали за предметот Педагогија -додипломски студии на ПМФ и Филолошки факултет | 1 |
| 80. | Пакет материјали за предметот Современи педагошки теории - студиска програма Андрагогија- додипломски | 1 |
| 81. | Пакет материјали за предметот Теорија на воспитание – втор циклус студии - Институт за педагогија и Менаџмент во образование | 1 |
| | **Вкупно** | **101,58** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на докторска дисертација: 1 * 5поени | 5 |
| 2. | Учесник во национален научно- истражувачки проект:<br>„Вмрежување на педагозите од Република Македонија и истражување на образовните потреби за зајакнување на нивните стручно-професионални компетенции“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Филозофски факултет - Институт за педагогија. (2017) | 3 |
| 3. | Монографија/научно издание: | 8 |

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Борче Костов, *Теорија на воспитание*, Филозофски факултет - Скопје, 2019, ISBN 978-608-238-157-2. | |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование: Antovska, A., **Kostov, B.**, *Teachers, Students and Extracurricular Activities in Primary Education,* Internatonal Journal of Cognitve Research in Scence, Engneerng and Education,(IJCRSEE) Vol.4, Issue1, June 2016. 90% од 5 поени. | 4,5 |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование: **Kostov, B.**, Antovska, A., *Time Load Upon Students in Primary Education,* Internatonal Journal of Cognitve Research in Scence, Engneerng and Education,(IJCRSEE) Vol.4, Issue2, December 2016. ISSN 2334-847X (Printed). ISSN 2334-8496 (Online). 90% од 5 поени. | 4,5 |
| 6. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови: **Kostov, B.,** *Aesthetic Education in the Modern Global Society,* International Journal For Education, Research And Training (IJERT) Vol.2, Issue 1, November 2016 . ISSN 1857-9841 (Printed). ISSN 1867-985X (Online). | 5 |
| 7. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови: Antovska, A., **Kostov, B.,** *The Teacher as a Students' Overload Factor,* International Journal For Education, Research And Training (IJERT) Vol.3, Issue 1, June 2017, ISSN 1857-9841 (Printed). ISSN 1867-985X (Online). 90% од 5 поени. | 4,5 |
| 8. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на | 4,5 |

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји: Barakoska, A., **Kostov, B.**, *The Discipline Ethics and Religion Possibility of Understanding One Another,* YILDIZ International Conference on Educational Research and Social Sciences Proceedings Book, ISBN 978-605-318-079-1, pg. 122-128 (2014). 90% од 5 поени. | |
| 9. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји: Stojanovska, V., Barakoska, A., **Kostov, B.**, *The Professional Needs of the School Pedagogues for Improving the Quality of Work With the Students in the Primary Education,* IX Međunarodna naučno-stručna konferencija Unapređenje kvalitete života djece i mladih, ISSN 1986-9886, pg.177-184 (2018). 80% од 5 поени. | 4 |
| 10. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји: **Kostov, B.**, Barakoska, A., Stojanovska, V., *Activities and Forms of Cooperation between the teachers and the parents of the children with special needs from the special schools,* Transformation Towards Sustainable and Resilient Society for Persons With Disabilities, ISBN 978-608-238-145-9, pg. 249-257 (2018). 80% од 5 поени. | 4 |
| 11. | Учество на научен/стручен собир со реферат: Barakoska, A., **Kostov, B.**, *The Discipline Ethics and Religion Possibility of Understanding One Another*, YILDIZ Internationnal conference on educational research and socil sciences, YILDIZ University, 01-03 September 2014, Istanbul – Turkey. | 1 |
| 12. | Учество на научен/стручен собир со реферат: Stojanovska, V., Barakoska, A., **Kostov, B.**, *The Professional Needs of the School Pedagogues for Improving the Quality of Work With the Students in the Primary Education,* IX Međunarodna naučno-stručna konferencija Unapređenje kvalitete života djece i mladih, 22-24 juna 2018, Harkanj-Mađarska. | 1 |
| 13. | Учество на научен/стручен собир со реферат: **Kostov, B.**, Barakoska, A., Stojanovska, V., *Activities and Forms of Cooperation between the teachers and the parents of the children with special needs from the special schools,* Transformation Towards Sustainable and Resilient Society for Persons With Disabilities, 13-15 September 2018, Ohrid – Republic of Macedonia. | 1 |
| | **Kostov, B.**, *Aesthetic Education in the Modern Global Society,* International Scientific Conference Pedagogy in a modern global society – EDUGLOBE. Jubilee – 70 YEARS Institute of pedagogy, Ohrid, Macedonia, 19-21st September, 2016 | 1 |
| | | |
| | **Вкупно** | **51,00** |

## СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активност: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учество во промотивни активности на Факултетот/институтот: Денови на педагогијата 2016, „Педагогијата на дело“. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, Филозофски факултет, Институт за педагогија, 18 мај 2016. | 0,5 |
| 2. | Учество во промотивни активности на Факултетот/институтот: Промотор на Меѓународно списание за образование, истражување и обука/International Journal for Education, Research and Training (IJERT). Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Филозофски факултет, Институт за педагогија, 18.11.2015. | 0,5 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | |
| 3. | Главен уредник на меѓународно научно/стручно списание: International Journal for Education, Research and Training. (IJERT) “Ss. Cyril and Methodius” University, Skopje, Faculty of Philosophy – Department of pedagogy. ISSN 1867-9841 (Printed). ISSN 1867-985X (Online) | 3 |
| 4. | Рецензент во меѓународно научно/стручно списание: „Internatonal Journal of Cognitve Research in Scence, Engneerng and Education,(IJCRSEE)“ | 1 |
| 5. | Член на организационен одбор на меѓународен научен/ стручен собир: International Scientific Conference *Pedagogy in a modern global society – EDUGLOBE.* Jubilee – 70 YEARS Institute of pedagogy. Faculty of Philosophy, Ss. Cyril and Methodius University–Skopje, Republic of Macedonia. Ohrid, Republic of Macedonia, 19-21st September, 2016 | 1 |
| 6. | Член на факултетска комисија: Член на Комисија за издавачка дејност на Филозофскиот факултет во Скопје. Одлука број: 02-2234/10, 4.10.2018 година. | 0.5 |
| 7 | Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание: „Internatonal Journal of Cognitve Research in Scence, Engneerng and Education,(IJCRSEE)“ | 1 |
| 8. | Член на комисија за избор во звање: Член на комисија за избор на наставник во насловно звање – Насловен доцент за наставно-научната област: Педагогија на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Решение број: 1902-68/32, 1.3.2018 година. | 0,2 |
| 9. | Учество во комисии и тела на државни и други органи: Член на совет на експерти на Центарот за интегративна биоетика на Филозофскиот факултет во Скопје. Одлука број: 02-987/2, 12.4.2018 година. | 1 |
| | **Вкупно** | **8,70** |

| | | |
|---|---|---|
| | | |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 101,58 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 51,00 |
| СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 8,70 |
| Вкупно | 161,28 |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Анета Баракоска, с.р.**
**Проф. д-р Вера Стојановска, с.р.**
**Проф. д-р Сузана Миовска-Спасева с.р.**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Филозофски факултет**

Број: 04-275/12
Датум: 05-06-2019
СКОПЈЕ

*И - Образец 6*

Врз основа на член 110, член 160, член 161, член 164, член 165, член 166 и член 175 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018), Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет на **XXI** редовна седница одржана на **5.VI 2019 год.**, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за избор во наставно-научно звање**

1. Се прифаќа рефератот на рецензионата комисија објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1192 од 15.V 2019 година за избор на д-р **Борче Костов** во наставно-научно звање **редовен професор**, за следниве наставно-научни области: Теорија на воспитување (шифра: 50505), Педагогија (шифра: 50500) и Социјална педагогија (шифра: 50518).

2. Се избира **д-р Борче Костов** во наставно-научно звање **редовен професор**, за следниве наставно-научни области: Теорија на воспитување (шифра: 50505), Педагогија (шифра: 50500) и Социјална педагогија (шифра: 50518).

Со извршениот избор именуваниот засновува работен однос за времето на кое е избран, сметано од денот на донесување на одлука за потврдување на избор во звањето редовен професор од Универзитетскиот сенат.

Со именуваниот ќе се склучи договор за работа.

3. **д-р Борче Костов** се избира во наставно-научно звање **редовен професор, доживотно.**

4. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на распишаниот Конкурс за избор во наставно-научните звање по назначените наставно-научни области како во диспозитивот на одлуката, објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" од 5.III 2019 година, се пријави: д-р Борче Костов.

Во изготвениот Реферат од страна на рецензионата комисија со бр. 04-275/10 од 09.IV 2019 год., беше предложен кандидатот д-р Борче Костов за избор во наставно-научно звање редовен професор.

Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 5.VI 2019 година го разгледа и прифати рефератот и предлогот на Рецензионата комисија и донесе одлука како во диспозитивот на актот.

По еден примерок од одлуката да се достави на: именуваниот, досието, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење, Одделението за правни и општи работи и архивата на Факултетот.

**ДЕКАН**
на Филозофскиот факултет

Проф. д-р Ратко Дуев

изработил: Ана Ј. Иванова

10 -07- 2019
04 275/13

Бр. 02- 752/17
5. 7 .2019 година
Скопје

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 43, член 173, став 2 и 175, став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018), Универзитетскиот сенат на 33. седница одржана на 5.7.2019 година, ја донесе следнава

## О Д Л У К А
## потврдување на избор во звањето редовен професор

### Член 1

Се потврдува изборот во звањето редовен професор на д-р Борче Костов, вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет во Скопје, во наставно-научните области:

- *теорија на воспитување (50505),*
- *педагогија (50500) и*
- *социјална педагогија (50518).*

Редовниот професор го задржува звањето доживотно и заснова работен однос на неопределено време.

### Член 2

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

Ректор

Проф. д-р Никола Јанкуловски

ДН:
- Филозофски факултет - Скопје
- проф. д-р Борче Костов
-

Изработил: м-р Елизабета Додевска

Генерален секретар: м-р Марија Маневска